# ТРОШКОВНА АНАЛИЗА ЗА МЕНСТРУАЛНИТЕ ПРОИЗВОДИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА:

# ВЛОГОТ ВО МЕНСТРУАЛНОТО ЗДРАВЈЕ Е ВЛОГ ВО ЗДРАВИ ПОКОЛЕНИЈА



ЗДРУЖЕНИЕ НОВИНАРИ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
JHR Journalists for human rights

ТРОШКОВНА АНАЛИЗА ЗА МЕНСТРУАЛНИТЕ ПРОИЗВОДИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА:

ВЛОГОТ ВО МЕНСТРУАЛНОТО ЗДРАВЈЕ Е ВЛОГ ВО ЗДРАВИ ПОКОЛЕНИЈА


ЗГ Новинари за човекови права – Скопје

Уредник:

Наташа Доковска

Соработници:

Александра Радевска

Графичко обликување:

ЕКОНЕКТ

Скопје, Јуни 2024

Овој документ е подготвен со финансиска помош од Германското министерство за заштита на животната средина, во рамки на проектот WatSan и во партнерство со WECF International, Aquademica, Womenindevelopment, MileukontaktAlbania и Амбасадори за одржлив развој на животната средина..

**КРАТЕНКИ**

НЧП–Новинари за човекови права

ЦоР – Цели за одржлив развој

УМХ – Управување со менструална хигиена

УМЗ - Управување со менструално здравје

CEDAW - Конвенција за елиминаија на сите форми на дискриминација на жените

FREE PERIOD - Движење кое се залага за пристап до бесплатни производи за УМЗ

**Наместо вовед**

Жените и девојките сочинуваат 50% или повеќе од корисниците на услугите за вода и санитација и се вистински (де факто) управителки со површиснките води и санитацијата - основната алатка за управување со личната хигиена. Околу 52 % од женската популација е во репродуктивна возраст и повеќето од нив менструираат секој месец. Во светот, поголемиот дел од нив, особено девојчињата на училиште и жените кои работат (користат јавни установи), немаат пристап до чисти, приватни и безбедни санитарни јазли. Ова значи дека немаат каде да ги сменат нивните влошки или тампони, ниту каде да ги измијат рацете.

Глобалните трендови, особено во руралните средини, покажуваат дека неостатокот на соодветно управување со менструалното здравје влијае на отсуството на девојчињата на училиште.  Истражувањата на Новинари за човекови права покажуваат дека девојчињата и кај нас избегнуваат да одат на училиште за време на периодот, пред сé поради несоодветни услови за управување со менструалното здравје, а околу 30% од жените тврдат дека немаат континуиран пристап до производите за менструална хигиена. Главна причина за тоа е високата цена на производите за менструална хигиена кои кај нас се оданочени со 18%, иако не станува збор за луксузни производи.

Како резултат на немање пристап до услови за управување со менструалното здравје, девојчињата и жените заостануваат во општеството, со што се попречуваат нивните можности за еднаквост и учество во јавниот живот, заштитени со Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (CEDAW)[1]

CEDAW неодамна призна дека руралните жени и девојки  доживуваат уште поголема дискриминација и кршење  на нивните човекови права отколку урбаните жени. Конвенцијата за елиминаија на сите форми на дискриминација на жените препорачува дека руралните жени и девојчиња мора да имаат „физички и економски пристап до санитација“[2]

Сите државни чинители кои ја имаат потпишано Конвенцијата имаат позитивна обврска да обезбедат и жените  од руралните средини да имаат непречен пристап до основните услуги и стоки, како хигиенски влошки и слично.[3]

Оваа обврска исто така се однесува и на правото на девојчињата на образование и наметнува обврска на државите кои ја ратификувале Конвенцијата да обезбедат „училиштата во руралните средини да имаат соодветни простори со вода и посебни, безбедни, тоалети за девојчиња, како и да понудат образование за хигиена и ресурси за менструална хигиена, со осебен фокус на девојчињата со посебни  потреби“[4], притоа верувајќи дека ситуацијата во урбаните средини е на повисоко ниво.

---

[1]CEDAW, (1997) General Recommendation No.23, paragraph7
[2]CEDAW, (2016) General Recommendation No.34: Rights of Rural Women. UN Doc CEDAW/C/GC/34 paragraph83
[3]CEDAW, (2016) paragraph 85(b)
[4]CEDAW, (2016) paragraph34(h)

Во Северна Македонија податоците покажуваат дека во 74 училишта тоалетите не биле реновирани 15 години, а 64 училишта не биле реновирани од 10 до 15 години[5], што доволно говори за пристапот до санитација. Жените се почесто се соочуваат и со проблем при пристап до производи за управување со менструалното здравје, а работничките кои работат на отворено немаат никаков пристап до санитација. Од друга страна, во Скопје сé уште нема јавни тоалети!

Новинари за човекови права во своите настојувања никој да не остане запоставен во пристапот до средства за управување со менструалното здравје, ја направи по втор пат трошковната анализа за менструалните производи во рамки на проектот **"WatSan"** , поддржан од Германското министерство за заѓтита на животната средина, со цел да се понудат решенија за ублажување на состојбата со менструалната сиромаштија и побрзо постигнување на ЦОР 6.2, особено по намелената стапка на ДДВ од 18 на 5 проценти. За потребите на истражувањето беше направена анонимна анкета во која беа опфатени 1.290 жени од рурална и урбана средина, на возраст меѓу 15 и 45 години. Жените одговараа на однапред подготвен прашалник, а податоците од анкетните прашалници беа статитсички обработени, а од добиените податоци се изработија тебалерни и графички прикази.

Со анкетното истражување кое ни помогна во обработка на трошковната анализа, собравме податоци во однос на следните области:

- Демографски и социо-економски карактеристики;

- УМЗ и условите под кои се управува;

- Цената на средствата за УМЗ, на лековите и лечењето за време на периодот;

- Грижата за сопственото здравје и грижата за животаната средина;

**ВЛОГОТ ВО МЕНСТРУАЛНОТО ЗДРАВЈЕ Е ВЛОГ ВО ЗДРАВИ ПОКОЛЕНИЈА**

Наташа Доковска

[5] https://24.mk/details/25-minuti-rechisi-140-uchilishta-ne-gi-renovirale-toaletite-povekje-od-10-godini

## Како во Македонија жените управуваат со менструалното здравје?

Лошата хигиена при менструалниот циклус предизвикана од недостатокот на едукација за ова прашање, постојаните табуа и стигмата, ограничениот пристап до хигиенски производи за менструација, како и лошата санитарна инфраструктура ги поткопува образовните можности со што има голем број на девојчиња кои изостануваат од 2-3 дена во текот на месецот од училиште. Проблем преставува и загрозувањето на здравјето при што се бележи зголемување на инфекциите кај жените за 70 отсто, што пак од друга страна влијае врз социјален статус на жените и девојчињата ширум светот, па и кај нас, а што може да се нотира преку намалена самодоверба на жената, отсуство од работа и губење на гордоста.
Податоците од истражувањето за менструалната сиромаштија во Северна Македонија покажуваат дека 31 % од жените кај нас не можат да си дозволат никаков пристап до менструални производи за управување со менструалното здравје, па место стандардните производи користат весници, хартија или самонаправени влошки од текстил.




Во Северна Македонија од  1.290 испитанички, 400 жени (31%) одговориле дека немаат пристап, а 77, отсто од нив одговориле дека причината за тоа е високата цена на производите.







Кај нас жените во просек трошат околу 250 денари месечно за менструални производи ако се пресмета просечната цена од 125[6] мкд на пакет влошки, не вклучувајќи ги лековите за стомачни болки и евентуалното отсуство од работа.

Само колку за илустрација, 464 жени од 1290 испитанички (36%) одговорија дека еден до два дена во месецот отсуствуваат од работа поради дисменореа (менструални болки). Повеќе од 70% од испитаничките потврдно одговориле дека за време на периодот пијат лекови за намалување на болките, што во просек го зголемува месечниот издаток за управување со менструалното здравје за дополнителни 150 денари.

[6] Просечна цена на менструаните влошки во малопродажба




Жените/девојките во Северна Македонија месечно просечно трошат 250 денари по лице за купување на производи за лична хигиена за време на периодот, но и дополнителни 150 денари минимум за лекови за намалување/ублажување на стомачни болки, ако се има просечната цена на аналгетици и капки кои се користат за ублажување на болките[7]. Доколку некоја од жените остане дома, користи боледување, тогаш цената на месечно ниво се искачува и до 1000 денари, во зависност од висината на дневница. Имено, ако просечната плата во месец јуни изнесува 28869 денари[8], тогаш дневницата изнесува 1202 денари. Ако имаме во предвид дека голем процент на жените се вработени во приватен сектор и земаат минимален месечен надоместок од 14.500 денари, доаѓаме до некоја средна висина на дневница од 500 денари, а за два дена отсуство од работа ќе значи 1000 денари помалку на сметката. Доколку пак во семејството има повеќе жени во сексуално репродуктивен период, за толку се зголемува сумата што едно семејство треба да ја издвои за УМХ.

Во зависнот од бројот на жени во семејството и бројот на плати и нивната висина, кај социјално загрозените семејства имаме процент меѓу 15-17% од примањата што треба да се издвојат за УМЗ на женските членови од  семејството. Пресметката е направен врз основа на минималната плата, поделена со сумата  што се издвојува за купување производи за управување со менструалното здравје. На пример ако имаат месечни примиња ( социјална парична помош)[9] од 7120 мкд денари, а имаат 4 жени во репродуктивен период кои во просек трошат по 250 денари за влошки, тоа значи дека само за влошки двојат 1000 денари, плус уште дополнител издаток за лекови против менструални  болки, доаѓаме до 17% отсто од примањата, кои никој нема да ги оддели.

Кај нас, жените/девојките во најчест случај користат влошки за управување со менструалното здравје, односно 91,5%  од испитаничките кои одговориле дека имаат пристап до производи за управување со менструалното здравје, а само две жени одговориле дека користат менструална чашка.

---

[7] Цена на лекови (аналгетици и капки) за ублажување на менструални болки.
[8] http://www.stat.gov.mk/
[9] https://www.mtsp.gov.mk/uslugi-ns_article-socijalna-paricna-pomosh.nspx




За разлика од кај нас, во Европа жените најмногу користат тампони, а и процентот на корисинички на менструалните чашки е над 20%[10]. Кај нас, покрај тоа што нема свест за менструална чашка, нема ни каде да се набави, притоа не гледајќи дека покрај тоа што е поефтина (ја купуваш еднаш, а ја користиш до пет години), е и побезбедна и еколошки поприфатлива. Само колку за илустрација, во Северна Македонија, месечно се фрлаат над 6 милиони парчиња менструален отпад, ако се знае дека има 400.000 жени во репродуктивен период, кој според просекот на користење на средства за менструална хигиена трошат по 15 парчиња влошки или тампони.[11]

Во Европа 9 од 10 жени имаат непречен пристап до менструални производи[12], а во голем број држави започна процес на намалување на даночната стапка со цел намалување на цената на производите[13], како и бесплатна поделба на менструални производи (Велика Британија[14], Франција - Париз[15], Шпанија[16], на универзитетите низ Холандија[17], Нов Зеланд[18]), а се во насока на целосно исполнување на ЦОР 6, односно подцелта 6.2.[19]




Стапката на ДДВ на менструални производи во ЕУ[20]

[10] https://fivethirtyeight.com/features/how-many-women-dont-use-tampons/
[11] http://jhrmk.org/wp-content/uploads/2019/05/TUKA.pdf
[12] https://www.europarl.europa.eu/doceo/document/E-9-2020-006746_EN.html
[13] https://www.europarl.europa.eu/doceo/document/E-9-2020-006746_EN.html
[14] https://www.bbc.com/news/uk-scotland-scotland-politics-51629880
[15] https://www.globalcitizen.org/en/content/france-free-period-products-high-schools/
[16] https://zerowasteeurope.eu/2021/10/catalan-government-goes-one-step-further-in-fighting-period-poverty/
[17] https://www.advalvas.vu.nl/en/nieuws/women-should-have-access-menstrual-products-all-time
[18] https://www.education.govt.nz/our-work/overall-strategies-and-policies/wellbeing-in-education/access-to-free-period-products/
[19] https://www.sdg6monitoring.org/indicator-621/
[20] https://civio.es/medicamentalia/2018/11/07/14-european-countries-levy-the-same-vat-on-sanitary-towels-and-tampons-as-on-tobacco-beer-and-wine/

За разлика од земјите членки на ЕУ, во земјите од соседството висината на ДДВ-то на производи за управување со меснтруалното здравје се движи од 17 % во БиХ, до 21 % во Црна Гора.[21]




Стапката на ДДВ на менструални производи во земјите на Балканот[22]

[21] https://civio.es/medicamentalia/2018/11/07/14-european-countries-levy-the-same-vat-on-sanitary-towels-and-tampons-as-on-tobacco-beer-and-wine/

[22] https://civio.es/medicamentalia/2018/11/07/14-european-countries-levy-the-same-vat-on-sanitary-towels-and-tampons-as-on-tobacco-beer-and-wine/

## Како до поефтино и поквалитетно управување со менструалното здравје?

Тргнувајќи од тоа дека високата цена на чинење на производите за управување со менструална хигиена е најголемата причина за тоа што дури 31 % од жените да немаат пристап до производи за управување со менструалното здравје, НЧП констатира дека владата на Северна Македонија направи неколку чекори напред со намалувањетона ДДВто од 18 на 5 отсто. И тоа:

1. Намалување на трошоците: Со намалувањето на ДДВ, цените на менструалните производи (како што се влошки, тампони и менструални чашки) значително се намалија, правејќи ги подостапни за сите жени, особено за оние со пониски примања.

2. Намалување на менструалната сиромаштија: Менструалната сиромаштија е чест проблем за жените и девојките од ранливите групи. Оваа мерка ги олесни финансиските предизвици со кои се соочуваат, со што повеќе жени имаат пристап до потребните хигиенски производи.

3. Зголемување на свесноста: Покрај директниот економски бенефит, оваа иницијатива покрена важни дискусии за менструалното здравје и сиромаштија, со што се зголеми јавната свест и се намали табуто околу темата.

4. Подобрување на здравствената заштита и хигиена: Со достапни и поевтини менструални производи, жените и девојките можат полесно да одржуваат лична хигиена, што придонесува за подобрување на нивното здравје и превенција од инфекции.

5. Родова рамноправност: Оваа мерка е чекор кон елиминирање на непотребните финансиски бариери за жените и промовирање на еднаквост, со што се третира менструалната потреба како основна, а не луксузна.

**Само колку за потсетување н**амалувањето на ддв-то од 18 до 5 % е сигнал дека државата се грижи за своите жители и ги почитува основните човекови права меѓу кои е и правото на менструално здравје, но со негово намалување сумата што се намали е околу 30 денари на месечно ниво или 360 денари годишно. Од  друга страна, пак, државата останува ускратена со 13% помалку пари од ДДВ-то за менструални производи. Математички изразено тоа е еднакво на 400.000 жени во репродуктивен период кои трошат во просек по 250 днеари месечно е еднакво на сто милиони денари (100.000.000 денари), од оваа сума сега на ДДВ одат 18.000.000 денари, а со намалување на ДДВ-то од 18% на 5%, во државната каса на месечно ниво би влегувале помалку 13.000.000 денари или околу 211.000 евра

Жените во Северна Македонија се подготвени да одделуваат до 100 денари месечно за УМЗ, што е незамисливо ако се има предвид дека цената на производите кои најмногу се користат и се најквалитетни чинат 150 денари, не вклучувајќи ја цената на лекови кои се консумираат тие денови, како и евентуалното отсуство од работа.

Ова говори дека државата покрај намалувањето на ДДВ-то на производите за менструална хигиена, треба да размисли за **субвенционирање** на цената на менструални производи и таа да не ја надмине цената од 150 денари по жена месечно. Имајќи предвид дека кај нас нема производство на производи за управивање со менструалната хигиена, останува државата да ја субвенционира цената или/и да поттикне и поддржи домашно производство на еколошки безбедни производи за управување со менструланата хигиена, со што би се намалила и цената на чинење на истата.

Истовремено , властите треба да размислат и во насока на тоа да се стават на позитивна листа лековите кои жените ги конзумираат за намалување на менструалните болки.
Загрижува и податокот од  компаниите кои продаваат менструални производи, а кој вели дека за време на КОВИД кризата за 11% е намалена продажбата на производи за менструално здравје, што говори дека ќе има зголемен процент на менструална сиромаштија. Ние немаме намалување на бројот на жени во репродуктивен период, што значи дека сѐ повеќе жени имаат проблем во непречен пристап допроизводи за управување со менструалното здравје.

Сепак , ова не едоволна за искоренување на менструалната сиромаштија па повикувајќи се нашата предходна трошковна анализа  предлагаме можни решенија за ублажување на проблемот со менструалната сиромаштија во Северна Македонија.

1. **Субвенционирање на менструалната чашка**
   Менструалната чашка се смета за најефтина и најбезбедна. Трошоците за неа варираат во голема мера од 500 до 2500 денари[23] по производ.
   Производите за повеќекратна употреба на менструалниот циклус се поекономични од производите за еднократна употреба. Парите ќе се заштедат со користење на менструална чаша, во споредба со другите опции, од причина што една чашка се користи во период од 3-5 години. Само колку за пример, една жена кај нас троши просечно 3000 денари годишно на влошки и тампони. Ако жената има менструација 40 години, трошокот за влошки и тампони е 120.000 денари. Ако просечната силиконска менструална чаша трае помеѓу три и пет години, тогаш за 40 години ќе бидат потребни помеѓу осум и 10 чашки. Ако менструалната чаша чини 1500 денари (просечна цена), сумата за овој издаток за период од 40 години (векот на сексуално-репродуктивниот период кај жената) е од 9000 -15000 денари, што е речиси 10 пати поефтино.

   Според студијата Лансет[24] низ Европа се продаваат 199 марки на менструални чаши достапни во 99 земји, но свеста за нивна употреба е ниска. Со наслов „Употреба на менструални чаши, истекување, прифатливост, безбедност и достапност: систематски преглед и мета-анализа“, студијата ги сумира прелиминарните докази за трошоците и заштедите на отпад поврзани со користењето менструални чаши, сугерираше дека повеќе од 10 години, една менструална чаша може да чини многу помалку од влошки или тампони. Една чаша може да чини околу пет до седум проценти од трошоците за користење на 12 влошки (во просек по 0,31 долари секоја) или тампони (во просек по 0,21 долари) по период. Во текот на 10 години, една чаша се проценува дека создава 0,4 отсто од пластичниот отпад што се создава со влошки за еднократна употреба или 6 отсто од оној произведен со користење на тампони.

---

[23](овие цени се за онлајн купување бидејќи кај нас нема да се купи и  врз основа на прегледот од  2019 година на 199 брендови достапни во 99 земји)
[24] https://indianexpress.com/article/lifestyle/health/menstrual-hygiene-day-periods-and-menstrual-cup-6430193/

Другите придобивки од користењето на чашката се намалување на инфекциите кај жената, како и заштитата на животната средина. Според податоците од ИЈЗ[25] бројот на инфекции кај жените како резултат на несоодветно користење на менструалните влошки е зголемен за 70%. За разлика од влошките и тампоните, голем број на студии покажуваат дека менструалните чашки се најбезбедни, а истовремено и создаваат најмалку отпад. Само колку за илустрација во Северна Македонија месечно се фрлаат 6 милиони парчиња, ако се знае дека 400.000 жени се во репородуктивниот период и ако секоја од нив во текот на месечниот циклус користи по 15 влошки.

Сликовито,
$400.000 \times 15 = 6.000.000$ парчиња отпад кој содржи пластика која се разложува во период од 5000 години.
За разлика од влошките и тампоните што се препорачува да се менуваат на секои три до пет часа, чашката се менува во период од 7-9 години, што со други зборови прави отпад еднаш на 84 месеци и тоа отпад кој се разградува многу побрзо.

Податоците покажуваат дека бројката на инфекции кај жените е зголемено за рекордни 70%, а цената на гинеколошки прегледи се движат од 800 до 8000 денари во зависност од тежината на инфекцијата. Лечењето, кое најчесто е со лекови кои не се на позитивната листа е над 7000 денари.

2. **Free period – или пристап до бесплатни производи за менструално здравје на сите ученички вклучени во редовниот образовен процес**.
   Во Северна Македонија девојчињата велат дека отсуствуваат од училиште поради немање услови за управување со месntруалното здравје. Дел поради лоша инфраструктура, дел поради немање континуиран пристап до средства за менструални производи.

   Бројот на ученички во сексулано репродуктивен период, вклучени во образовниот процес е 35.200 во средните училишта и 38.541 ученички во основни училишта или 73.741 ученички[26]. За непречен пристап до менструални производи на државата и се потребни 159.280.560 денари или 2.654.676 евра за секоја ученичка во текот на една година со што државата ќе обезбеди имплементација на основоното човеково право на хигиена, а истовремено ќе влијае и на намалување на давачките за лекување на инфекции предизвикани од лошо управување со менструалното здравје, ќе влијае на намалување на создавање отпад, како и намалување на штетите предизвикани од загадувањето што го предизвикува менструалниот отпад. Со други зборови, секоја ученичка во текот на една учебна година би добивала пакет со менструални производи, кои се еквивалент на 2.160 денари или по 180 денари месечно. Ако се пресмета ризикот по здравјето што ученичките што го имаат од несоодветно управување со менструалната хигиена, тогаш цената што државата треба да ја плати е многу повисока.

   Во многу земји, вклучително и Северна Македонија, девојчињата во просек губат околу **20% од своето школување годишно** поради отсуство поврзано со менструацијата. Ова

[25] https://www.iph.mk/svetski-den-na-menstrualna-higiena/
[26] https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=17

се пресметува на приближно **два до три месеци** во текот на една учебна година  или 18-20 месеци во текот на целото школување.

Отсуствата се чести кај девојчињата кои немаат пристап до менструални производи, како и во средини каде менструалната сиромаштија и стигматизација создаваат дополнителни предизвици.

# ВЛОГ ВО МЕНСТРУАЛНО ЗДРАВЈЕ – ВЛОГ ВО ЗДРАВИ ПОКОЛЕНИЈА

**НЧП** во своите настојувања за елиминирање на менструалната сиромаштија бара од владата на Република Северна Македонија:

- субвенционирање на цената на производите за менструално здравје и укинување на ДДВто на менструалните производи;
- обезбедување на бесплатни пакети со менструални производи за ученичките вклучени во образовниот процес бидејки основното и средно образование во Северна Македонија е ОБАВЕЗНО;
- компаниите во тоалетите покрај тоалетната хартија, во женските кабини, да имаат и менструални производи кои ќе им бидат оставени бесплатно на располагање на жените;
- Во моловите во женските тоалети да има бесплатен пристап до менструални производи;
- Во хотелските соби да има бесплатен пристап до менструални производи;

**ВЛОГОТ ВО МЕНСТРУАЛНОТО ЗДРАВЈЕ Е ВЛОГ ВО ЗДРАВИ ПОКОЛЕНИЈА**